Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-556/6
Датум: 19-09-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 556/1 од 9.7.2025 година, поднесена од ----- против -----, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на образование и политичко уверување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи врз основа на претпоставена политичка припадност од страна на ----- кон -----.

## О б р а з л о ж е н и е

На 9.7.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка од подносителот ----- против -----, за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на образование и политичко уверување.

Во претставката подносителот наведува дека бил вработен како наставник речиси 5 години во училиштето -----. Се наведува дека директорот не сакал да му го трансформира работниот однос од определено на неопределено работно време. Во август 2024г. кога му истекол последниот договор за вработување, на неговото место директорот на училиштето вработил нестручен работник, односно наставник по македонски јазик. Откако подносителот дознал за тоа, пријавил во Државниот просветен инспекторат. Исходот од таквата постапка била изречена опомена за директорот на училиштето. Во меѓувреме директорот сам ја отстранил од работа наставничката по македонски јазик, а на местото на подносителот поставил негов поранешен колега од истото училиште, да предава 30 наставни часа. Според подносителот и тука станува збор за прекршување. Просветниот инспектор по проверка на документи установил дека токму постојниот наставник по Физичко и здравствено образование кој има 30 часа, е нестручен, бидејќи е дипломиран тренер, а не професор. Истиот нестручен наставник бил отстранет од работа, а одреден период учениците останале без настава по истиот предмет. Во продолжение подносителот наведува: *„Директорот покрај 5 години чување на нестручен наставник, покрај вработување на местото наставник по Физичко и здравствено образование на наставничка по Македонски јазик, чекаше и цели два месеци додека ме повика на работа мене, иако само јас бев на листата невработени стручни наставници во Агенција за вработување- -----. Ова укажува на злоупотреба на службена положба на директорот на училиштето.“* Во февруари, 2025г. На подносителот му биле побарани

документи за трансформација на работниот однос од определено на неопределено време од страна на директорот на училиштето. Подносителот наведува: „*Имено, после подолго чекање за заседавање на Општинската комисија за одлучување за транформација на работниот однос на наставници, од мои сознанија таа заседавала без да се одлучува за мојата трансформација, односно градоначалникот воопшто не ги дал ниту да се разгледуваат моите документи на соодветната комисија.*“ Потенцира дека истата комисија ги одобрила сите преостанати случаи за транформација. Меѓу нив биле и наставнички по одделенска настава во чии класови предавал подносителот. Понатаму, тој истакнува: „*Не поминува ниту изговорот на градоначалникот доколку се повикува на немање доволен број на ученици и згаснување на паралелки, бидејќи логично е ако наставничките по одделенска настава добиле Решение за транформација на работниот однос на неопределено време, иако имаат помал работен стаж од мене во образование, истото можеле да го направат и во мојот случај.*“ Воедно истакнува дека не добил никакво образложение поради која причина не му е направена трансформација на работниот однос, ниту пак директорот го информирал дали добил образложение од Општината. Поради тоа подносителот смета дека кон него се врши дискриминација, имајќи предвид дека има 5 години работен стаж и ги исполнува законски предвидените услови за трансформирање на неговиот работен однос од определено, на неопределено време. Според него Општина ----- постапува селективно, не му го оовозможува правото на еднаква основа со неговите колеги и останати граѓани кои го остваруваат конкретното право по ист основ. Подносителот потенцира дека неговото вработување го стекнал за време на владеење на една политичка партија, а во моментот кога е дискриминиран владее друга политичка партија. Поради тоа тој смета дека се работи за политичка дискриминација, бидејќи тој како наставник професионално и посветено ја врши својата работа.

По разгледување на претставката Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на чл. 4, ст. 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави Барање за доуредување на претставката. Со истото го задолжи подносителот да ја појасни дискриминаторската основа – политичко уверување, да појасни кои околности ја сочинуваат и на кој начин истите се поврзани со пријавените дејствија на дискриминација. Подносителот беше задолжел да појасни по што се разликуваат неговите колеги на кои им бил трансформиран работниот однос и да појасни доколку се работи за политичка припадност/уверување.

Во поднесокот за дополнување на претставката подносителот навел дека неговиот работен однос е заснован во 2019 година, кога на власт е една политичка гарнитура – СДСМ, а денес со Општина ----- во која се наоѓа училиштето раководи градоначалник кој е од политичката партија – ВМРО ДМПНЕ. Подносителот посочува колешки со кои во исто време ги предале документите за трансформација на работниот однос и на кои им бил трансфомиран: ------ нставник по ----- и ----- – наставник по -----. Тој потенцира дека неговиот работен стаж во училиштето е многу поголем од нивниот што дополнително го револтира подносителот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација испрати Барање за произнесување по претставката до Општина -----.

На 20.8.2025 година до Комисијата беше доставен поднесок за произнесување од страна на потенцијалниот дискриминатор. Во истиот се наведува дека Општинската комисија за извршување на стручните и административно техничките работи за трансформација на работен однос од определено на неопределено време се' уште не го разгледала барањето на -----, вработен во ООУ -----. Поради тоа тврдат дека не се точни надовите дека лицето е одбиено од страна на градоначалникот на општината без образложение. Дополнително, известуваат дека во Општина ----- во моментов Комисијата за извршување на стручните и административно техничките работи за трансформација на работен однос од определено на неопределено време не превзема дејствија поради оставка на еден од членовите. Истата ќе продолжи со извршување на својата работа по назначување на нов член. Подносителот на претставката ќе биде известен од страна на директорот на ООУ ----- откако Оштинската комисија ќе одлучува за истото.

По вака утврдената фактичка состојба Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека во конкретниот случај е извршена директна дискриминација кон подносителот врз основа на претпоставена политичка припадност во областа на работата и работните односи од страна на Општина -----. Со наводите на подносителот и доставените докази, индикативно е дека единствено за барањето за трансформирање на работен однос од определено на неопределно време на подносителот не било одлучено од страна на надлежната општинска комисија. Во однос на исти такви барања за неговите колешки, од истото училиште, а дури и со помал работен стаж било одлучено, односно било донесено Решение за трансформирање на работниот однос. Индикативно е зошто надлежната општинска комисија не постапила единствено по барањето на подносителот во моментот кога заседавала, односно одлучувала. Од таа причина нерелевантни се тврдењата на Општина ----- дека конкретната комисија во моментот не заседава, поради тоа што не е избран нов член. Напротив, должност на општината е да обезбеди непречено функционирање на конкретната комисија. Оттука се воочува нееднаквиот третман кон подносителот во остварување на неговото право од работен однос, во случај кога тој ги исполнувал условите за трансформирање на работниот однос. Од една страна, подносителот тековно не го остварил своето право, од друга страна упатува на компаратори, односно лица кои се наоѓаат во слична споредлива ситуација кои во исто време со него ги поднеле барањата и го оствариле правото. Истото подносителот го заснова на дискриминаторска основа – претпоставена политичка припадност, бидејќи тој го засновал работниот однос во период кога локалната власт била под СДСМ, а тековната локална власт е под ВМРО ДПМНЕ. Со тоа, подносителот прави prima facie случај, а согласно чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, товарот на докажување дека преме него не е сторена дискриминација преминува на

Општина -----. Во поднесокот за произнесување Општина ----- не успеа да докаже дека неодлучувањето по барањето на подносителот не е поврзано со неговата политичка припадност или претпоставена политичка припадност, ниту пак да даде оправдување на легитимноста на неодлучувањето по неговото барање, во споредба со одлучување по барањата на компараторите.

**Со различниот понеповолен третман кон подносителот во споредба со неговите колеги кои се наоѓаат во слична споредлива ситуација, заради неговата претпоставена политичка припадност, исполнета е законската дефиниција за директна дискриминација од чл. 8 ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, која гласи дека *директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.***

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење и утврди постоење на директна дискриминација врз основа на претпоставена политичка припадност во областа на работата и работните односи кон подносителот ----- од страна на Општина ----- и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина ----- да обезбеди непречено функционирање на надлежната општинска комисија и да осигура дека по барањето на подносителот ----- ќе биде одлучено **во рок од 30 дена од прием на ова Мислење**. По исполнување на препораката Општина ----- писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина ----- да се воздржи од дејствија и постапки кои значат повреда на права на жителите на општината базирани на нивната политичка припадност, политичко уверување или пак претпоставени политичка припадност и уверување.

**Доколку Општина ----- не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Општина -----
- -----